РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-930/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-930/1 од 28.02.2024 година, со изнесени наводи за неправилности во работењето во ООУ ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-930/1 од 28.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 28.02.2024 година, поднесена е пријава со изнесени наводи за неправилности во работењето во ООУ --------- и оформен е предмет број 12-930/1 од 28.02.2024 година. Пријавата истовремено е доставена и до Државен инспекторат за труд на Република Северна Македонија.

Во пријавата подносителот наведува дека во неколку наврати во текот на изминатата година 2023 на вработените им биле исплатени различни суми по основ на плата без никакво образложение.
Исто така, подносителот наведува дека во однос на покачувањето на платите кое било направено врз основа на пресметка на состојба на часови од минатата училишна година, подоцна без предупредување и без никако образложение им биле скратени додатоците на плата за истото.

Подносителот наведува дека биле и дискриминирани бидејќи во различен месец на некои вработени им бил исплаќан целосниот износ, а некои вработени биле оштетени за различни суми, зависно од висината на додатоците на кои имале право.

Во продолжение на пријавата е наведено дека било побарано да биде извршен надзор од надлежниот инспекторат за труд, а по кој надзор во текот на јануари 2024 година средствата во целост биле подмирени, но дека дискриминираните вработени претрпеле стрес и биле изложени на задолжувања за подмирување на личните тековни трошоци.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што за конкретниот случај постапиле други надлежни органи, по што самиот подносител наведува дека пријавената состојба веќе била надмината и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата